**20121243039**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 28 став (12) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11 и 74/12), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА СОГЛАСНОСТ ЗА УПЛАТНО-ИСПЛАТНИ МЕСТА ПРЕКУ КОИ СЕ ВРШИ ПРОДАЖБАТА НА ЛОЗОВИТЕ И ПОТВРДИТЕ ЗА УПЛАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за согласност за уплатно-исплатни места преку кои се врши продажбата на лозовите и потврдите за уплата.

Член 2

Барањето за согласност за уплатно-исплатни места преку кои се врши продажбата на лозовите и потврдите за уплата се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20-31441/1
13 септември 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**ПРИЛОГ**

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**БАРАЊЕ**
за согласност за уплатно-исплатни места преку кои се врши продажбата на лозовите и потврдите за уплата

Од________________________________________________________________

(назив на трговското друштво подносител на барањето)

__________________________________________________________________

(седиште на трговското друштво подносител на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам, согласно рокот утврден во член 28 став (10) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри да постапите по барањето за добивање на согласност за уплатно-исплатни места преку кои се врши продажбата на лозовите и потврдите за уплата, за што во прилог на ова барање ги доставувам документите пропишани со член 28 ставови (2) и (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Подносител на барањето

Датум и место ______________________________